Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-465/15
07-12-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-465/1 од 18.8.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје против претседателката на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, [redacted], за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 27.11.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на претседателката на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, [redacted] врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под бр. 08-465/1 од 18.8.2023 година од [redacted] за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на претседателката на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ("**Државната комисија**"), [redacted]

Согласно наводите од претставката, подносителот поднесува претставка против Решение за враќање на работа и распоредување на работно место на административен службеник бр. 0402-363/1 од 8.5.2023 година и Решение за плата бр. 0402-363/2 од 8.5.2023 година, донесени од страна на претседателката на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, [redacted]. Подносителот смета дека со овие решенија се повредени неговите права, односно дека е дискриминиран во однос на правата од работен однос, во споредба со другите вработени во Државната комисија.

Имено, со пресуда РО бр. 236/21 од 8.7.2022 година на Основниот граѓански суд Скопје биле поништени како незаконити:

- Решение бр. 0404-756/47 од 4.12.2020 година на Државната комисија, со кое на [redacted] му била изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос и
- Одлука бр. 09-737/1(727)/1 од 12.1.2021 година на Агенцијата за администрација, со која било потврдено решението на Државната комисија.

Ваквата пресуда подоцна била потврдена од страна на Апелационен суд Скопје со Пресуда РОЖ бр. 2047/22 од 15.3.2023 година, со што пресудата на Основен граѓански суд Скопје станала правосилна и извршна.

Како што наведува подносителот, видно од пресудата работниот однос му бил прекинат од причина што не го решил предметот оформен по жалбата на [redacted] против Агенцијата за разузнавање, наводно го нарушил угледот на претседателката на Државната комисија и на самата институција пред претставници на Државната комисија за спречување на корупција, не ги

решавал предметите хронолошки итн. Со пресудата, меѓутоа, ваквите наводи се покажале како невистинити. Според подносителот, со пресудата исто така било утврдено дека спорот помеѓу него и претседателката [redacted] настанал заради негово одбивање да ја преиначи предложената уважувачка одлука по жалбата на [redacted] и истата да ја одбие како неоснована, што тој го одбил сметајќи дека нема законски основ за одбивање на жалбата.

Истовремено, со пресудата Државната комисија била задолжена да го врати подносителот на работа и да го распореди на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка и неговото работно искуство во рок од 8 дена од денот на правосилноста на пресудата. Во овој поглед, подносителот наведува дека со оглед на тоа што со пресудата како незаконит е поништен основот со кој му престанал работниот однос и како таков не произведува правно дејство, односно се смета дека никогаш не ни постоел, тогаш произлегува дека тој нема прекин во работниот однос, бидејќи нема акт во правниот сообраќај со кој работниот однос му престанал на 12.1.2021 година. Следствено на ова, со Решение за враќање на работа и распоредување на работно место на административен службеник бр. 0402-363/1 од 8.5.2023 година тој бил вратен на работа, сметано од 15.3.2023 година, но распореден на работно место Советник за решавање на предмети од областа на пензиско и инвалидско осигурување во Одделение за здравство, труд, социјална политика, образование, наука и култура, категорија В, ниво В1, односно три нивоа пониско од неговото претходно работно место.

Во оваа насока, подносителот наведува дека има VII/1 степен на образование, односно е дипломиран правник со положен правосуден испит во 1996 година, а неговиот вкупен работен стаж, сметан од 28.1.1998 година, трае повеќе од 25 години, од кои 16 години непрекинато е Раководител на сектор. Оттука, тој смета дека го исполнувал условот да биде распореден на работно место во категорија Б- раководни државни службеници. Наведува дека ова е видно од член 24 од Законот за административни службеници, каде во став 2б) се предвидени условите кои треба да ги исполнува службеник на работно место од категорија Б ниво Б1.

Имајќи го ова предвид, претседателката [redacted] донела посебно Решение за враќање на работа и распоредување на работно место за период од 13.1.2021 до 14.3.2023 година, заведено под бр. 0402-363/11 од 19.5.2023 година, со кое тој е вратен на работа и распореден на работно место Раководител на сектор за здравство, труд и социјална политика, образование, наука и култура. Притоа, распоредувањето на ова работно место било само за периодот од 13.1.2021 до 14.3.2023 година и е донесено заради исполнување на Пресудата на Основниот граѓански суд Скопје РО бр. 236/21 од 8.7.2022 година и Пресуда на Апелационен суд Скопје РОЖ бр. 2047/22 од 15.3.2023 година.

Оттука, подносителот прашува како дошло до престанок на работниот однос со звање Раководител на сектор на ден 14.3.2023 година, за од 15.3.2023 година да се заснова нов работен однос со распоредување на ново, пониско работно место, кога немало ниту оглас, ниту конкурс, ниту пак било каква постапка за засновање на нов работен однос сметано од 15.3.2023 година. Поради тоа што ваквото постапување било насочено само кон него, тој смета дека е нарушено начелото на еднаквост и рамноправност, односно смета дека вака преземените дејствија од страна на претседателката Даница Чадиева се дискриминаторски во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во овој контекст, подносителот истакнува дека ваквите неправилности ги констатирал и Народниот правобранител, за што дал Укажување бр. 1130/23 од 15.6.2023 година.

Последно, подносителот истакнува наводи за дискриминаторско постапување во однос на овозможувањето на правото на користење на годишен одмор. Имено, по негово барање за

користење на годишен одмор, од страна на генералниот секретар на Државната комисија било донесено Решение за неодобрување на годишен одмор бр. 0402-3/162 од 15.5.2023 година, кое со одлука на Агенцијата за администрација било поништено и предметот бил вратен на повторно одлучување. Во повторената постапка, пак, донесено е Решение бр. 0405-423/6 од 29.6.2023 година со кое се потврдило веќе поништеното решение. И на ваквото решение, [redacted] поднел жалба по која е донесена мериторна одлука од страна на Агенцијата за администрација со бр. 09-517/4 од 18.7.2023 година, со која било признаено неговото право на одмор и била задолжена Државната комисија за истото да донесе формална одлука.

Како докази во прилог на претставката подносителот ги поднесе:

1. Пресуда на Основен граѓански суд Скопје РО бр. 236/21 од 8.7.2022 година;
2. Решение бр. 0402-363/1 на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од 8.5.2023 година;
3. Решение бр. 0402-363/11 Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од 19.5.2023 година;
4. Укажување на Народен правобранител бр. 1130/23 од 15.6.2023 година;
5. Решение бр. 0402-3/162 на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од 15.5.2023 година;
6. Одлука бр. 09-485/6 на Агенцијата за администрација од 15.6.2023 година;
7. Мериторна одлука бр. 09-517/4 на Агенцијата за администрација од 18.7.2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по увид во поднесената претставка, а согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 21.8.2023 година испрати Барање за доуредување на претставката бр. 08-465/2 до подносителот, задолжувајќи го да ја доуреди во насока што ќе ја наведе дискриминаторската основа врз која смета дека била извршена дискриминација.

На ден 4.9.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна доуредување од страна на [redacted] заведено под бр. 08-465/3. Во доуредувањето подносителот наведува дека дискриминацијата е извршена врз основа на неговото лично својство како административен службеник.

Со истиот допис, подносителот ја дополни претставката во насока што наведе дека дискриминацијата при работата и работните односи продолжила и понатаму. Имено, наведува дека на сите вработени во Државната комисија им е дозволено отсуство од работа два пати во месецот во траење од два часа. Во оваа насока, на ден 24.8.2023 година тој поднел Барање за отсуство од работа, кое претходно било одобрено од непосредниот раководител, и тоа за периодот од 13:35 до 15:35 часот и истото Барање го предал на техничката секретарка [redacted] Истакнува дека на сите други вработени во Државната комисија отсуството од работа за тој ден и во тој период им било одобрено и им биле потпишани пропусниците, но откако ја прашал техничката секретарка што се случило со неговата пропусница, таа му соопштила дека неговото отсуство не е одобрено и следствено, пропусницата не е потпишана. На неговото барање да му биде дадено објаснување зошто е тоа така, како и да му биде вратена пропусницата, за да не се смета дека го искористил правото на отсуство, усно му било пренесено „да не ја малтретира [redacted] Наведува дека за истото побарал и писмено објаснување, кое не му било дадено.

Понатаму подносителот наведува дека негативното однесување кон него продолжило со одредување на местото на седење, па така, по наредба на [redacted] работното место му било поставено спротивно на сите други вработени во „океанот“, што тој

смета дека е направено со цел непосреден увид во неговиот монитор. Откако [redacted] го видела во просторијата каде се одржуваат седниците, каде тој бил присутен заради умножување на негови предмети кои поминале на седница, нетрпеливоста кон него резултирала со итно преселување во канцеларија за која вели дека е изолирана од останатите простории и во која е сместен компјутерски центар со вработен и со технички помагала, со што тој нема никаков контакт со другите вработени.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.9.2023 година испрати Известување бр. 08-465/4 за произнесување по наводите од претставката до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

На ден 3.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Државната комисија како одговор на претставката.

Во одговорот се наведува дека со Решението за враќање на работа и распоредување на работно место со бр. 0402-363/1 од 8.5.2023 година, а веднаш по приемот на правосилна и извршна пресуда, Државната комисија пристапила кон донесување на решение со кое подносителот го враќа на работа сметано од денот на правосилноста на пресудата, односно од 15.3.2023 година, на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка и работно искуство. Објаснуваат дека со цел подносителот да нема прекин на работниот стаж, Државната комисија во меѓувреме донела и Решение за враќање на работа и распоредување на работно место за период од 13.1.2021 година до 14.3.2023 година со бр. 0402-363/11, со што подносителот за тој период е пријавен во Агенцијата за вработување на РСМ со звањето кое го имал во моментот на престанокот на работниот однос, односно со звање Раководител на сектор. Со истото Решение, подносителот бил распореден на работно место кое го имал во времето на престанокот на работниот однос само до денот на правосилноста на пресудата, односно до 14.3.2023 година, додека пак од следниот ден бил распореден на работно место со звање Советник.

Од Државната комисија истакнуваат дека согласно наведената пресуда на Основен граѓански суд Скопје, тужбеното барање на тужителот е делумно усвоено, а Државната комисија е задолжена [redacted] да го врати на работа и да го распореди на работно место кое одговара на негов степен на стручна подготовка и работно искуство во рок од 8 дена од правосилноста на пресудата, додека пак тужбеното барање на тужителот да биде вратен на работа и распореден на работно место кое го имал во време на престанокот на работниот однос, било одбиено како неосновано.

Во оваа насока, појаснуваат дека подносителот нема прекин на работниот стаж во Државната комисија, туку има промена во распоредувањето на работното место, односно до правосилноста на судската пресуда е распореден со звањето кое го имал во моментот на престанокот, а по правосилноста со звањето Советник. Наведуваат дека [redacted] е распореден согласно Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на работно место со звање Советник за решавање на предмети од областа на пензиско и инвалидско осигурување, кое работно место одговара на неговиот степен на стручна подготовка- правни науки и најмалку три години искуство во струката. Со ова, тие сметаат дека во целост е исполнето задолжението од судската пресуда. Исто така, појаснуваат дека звањето Советник, односно нивото В1, согласно член 12 од Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници, опфаќа самостојно вршење на најсложени стручно административни, нормативно-правни и други работи. Наведуваат дека со предметната пресуда Државната комисија не е обврзана да го врати подносителот на старото работно место, туку е

задолжена да го распореди на работно место кое одговара на негов степен на стручна подготовка и работно искуство, што сметаат дека во целост е исполнето и испочитувано од нивна страна.
Во поткрепа на ова го наведуваат фактот што Агенцијата за администрација, постапувајќи по приговорот поднесен од [redacted] против Решението за враќање на работа и распоредување на работно место со бр. 0402-363/1 од 8.5.2023 година, донела Одлука со која приговорот го одбива како неоснован, а предметното Решение го потврдува. Во корелација со ова, Агенцијата за администрација го одбила и неговиот приговор против Решението за плата со бр. 0402-363/1 од 8.5.2023 година. Во образложението на Одлуката, со која приговорот бил одбиен како неоснован, било наведено дека Државната комисија при донесување на оспореното решение правилно ја утврдила фактичката состојба и врз така утврдената фактичка состојба правилно го применила материјалното право, од причина што истата нема обврска да го распореди на работно место на кое бил распореден пред да му биде изречена дисциплинската мерка. Во таа насока, Агенцијата за администрација утврдила дека административниот службеник [redacted] ги исполнува условите за работното место на кое е распореден со оспореното решение.

Во однос на наводите од претставката со кои подносителот наведува дека само на него не му е одобрено пропусница за излез за време на работно време, од Државната комисија укажуваат дека и во минатото се случувало и сè уште се случува некои пропусници на административни службеници да не бидат одобрени заради запазување на континуитет во работниот процес, доколку повеќе лица бараат излез во конкретниот ден и период.

Во однос, пак, на наводите од претставката дека подносителот е дискриминиран со неговото физичко распоредување на работно место од „океан“ делот од службените простории во канцеларија која е изолирана од останатите простории, укажуваат дека истото е направено за подобра организација на работа и со цел истиот да не мисли дека имаат непосреден увид во неговиот монитор, како што наведува во претставката. Наведуваат дека неговото преместување не претставува дискриминација, туку напротив, претставува сместување во службена просторија која има подобри услови за работа од останатите административни службеници кои се наоѓаат во „океан“ просторот во Државната комисија. Дополнително истакнуваат дека на административниот службеник [redacted] му се обезбедени сите услови за работа и работни средства како и на останатите административни службеници, а согласно просторните и техничките можности на Државната комисија.

Во прилог на произнесувањето беа доставени копии од следните докази:

1. Решение за враќање на работа и распоредување на работно место на административниот службеник [redacted] со бр. 0402-363/1 од 8.5.2023 година;
2. Решение за плата на административен службеник со бр. 0402-363/2 од 8.5.2023 година;
3. Решение за враќање на работа и распоредување на административниот службеник за период од 13.1.2021 година до 14.3.2023 година со бр. 0402-363/11 од 19.5.2023 година;
4. Пресуда на Основен граѓански суд Скопје РО- 236/21 од 8.7.2022 година со клаузули на правосилност и извршност;
5. Пресуда на Апелационен суд Скопје РОЖ- 2047/22 од 15.3.2023 година;
6. Известување за враќање на работа;
7. M1/M2 образец за извршена пријава од 13.1.2021 година;
8. M1/M2 образец за период од 13.1.2021- 14.3.2023 година;
9. M1/M2 образец за пријава од 15.3.2023 година;
10. Преглед на пријави/одјави од задолжително социјално осигурување од АВРСМ за лицето [redacted], заклучно со 23.5.2023 година;
11. Правилник за систематизација на работни места за работно место под реден број 7;

12. Уверение од Правен факултет за [redacted] со бр. 11-4/49 од 13.4.1994 година;
13. Одлука бр. 09-478/6 од 8.6.2023 година и Одлука бр. 09-479/4 од 8.6.2023 година на Агенцијата за администрација.

На ден 5.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна дополнување на претставката со докази од страна на подносителот. Имено, подносителот во прилог го достави Упатството за начинот на користење и евиденција на годишен одмор и отсуства на вработените во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, заведено под бр. 0201-278 од 21.2.2017 година. Поконкретно, тој посочува на член 11 став 1 од Упатството во кој е наведено дека дневните отсуства на вработените во Државната комисија се регулираат со пропусници и дека во текот на еден месец е дозволено користење на две пропусници во траење од по два часа. Потсетува дека неговото барање за отсуство од работа, поднесено на ден 24.8.2023 година, не било одобрено и следствено на тоа не била потпишана пропусница.

Дополнува дека негативното однесување кон него продолжило и за време на неговото отсуство за годишен одмор. Поконкретно, претседателката [redacted] на состанок на вработените им упатила закани дека по нејзиниот престанок на мандат ќе ги остави без плата и придонеси, а со тоа и без здравствено осигурување, на начин што нема да овласти лице кое би било потписник. Како што наведува, во негативна конотација го спомнала неговото име и дала објаснување дека судскиот спор го добил затоа што таа не ургирала во судот, а судот пак заради неговата возраст му го уважил тужбеното барање и го вратил на работа, иако бил виновен.

На ден 30.10.2023 година, со Барање за вршење на увид бр. 08-465/7, членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација Лимко Бејзароски изврши непосреден увид во просториите на Државната комисија со цел утврдување на фактичката состојба. Членот на комисијата при увидот констатира дека службеникот [redacted] е сместен во посебна просторија заедно со информатичарот кој ги одржува компјутерските системи во Државната комисија, со кого немаат сродност во работата, односно дека е одвоен од „океан" делот во кој останатите вработени кои работат по предмети ги извршуваат своите работни задачи. При увидот не беше извршен разговор со претседателката [redacted], иако истото беше побарано, од причина што од страна на вработени во Државната комисија беше соопштено дека мандатот на членовите на Државната комисија е истечен и сè додека не се изберат нови членови, старите не доаѓаат на работа и не се присутни во службените простории.

Следниот ден, на 31.10.2023 година, подносителот на претставката достави дополнување на претставката заведено под бр. 08-465/8 со кое истакна дека негативното однесување на работното место продолжило со тоа што му било забрането качување на горниот кат каде се наоѓа просторијата на претседателката [redacted] со што му е оневозможено слободно и непречено користење на просториите на Државната комисија, иако за истото нема никаква причина, а дополнително важи само за него, не и за другите вработени. Покрај физичката сегрегација, наведува дека постои сегрегација и во однос на типот на предмети кои се работат во Државната комисија. Поконкретно, единствено на него му биле дадени за работа само предмети кои се поднесени од една странка, додека сите останати вработени работат предмети од различни странки и различни области.

На ден 2.11.2023 година во 09:00 часот [redacted] оствари средба во просториите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со вработена во стручната служба. Најпрво, тој хронолошки ги објасни сите околности поврзани со предметот, од она што претходело на отказното решение во 2021 година, па сè до денешните случувања. Истакна дека

фактичката состојба во поглед на неговото физичко преместување е непроменета, односно дека е преместен од „океан" делот во кој работат останатите колеги и оттогаш своите работни задачи ги извршува во посебна просторија. Дополнително на ова, наведе дека усно му било кажано дека не смее да пристапува до горните простории, каде се наоѓаат канцеларијата на претседателката на Државната комисија и салата за седници, како и дека останатите колеги не смеат да остваруваат комуникација со него во врска со предмети. Исто така од преместувањето на наваму бил задолжен да работи единствено на предмети од една странка, што не било пракса никогаш претходно.

Во однос на отсуството од работа кое го побарал за периодот од 13:35 до 15:35 часот на 24.8.2023 година, а кое не му било одобрено, појасни дека за истото имал реална потреба и затоа меѓу првите го поднел барањето, со што вели дека објаснувањето на Државната комисија дека веќе имало многу вработени на кои им биле одобрени отсуства за тој ден, не е валидно. Дополнително истакна дека дури и да бил таков случајот, претходно на многу наврати се случувало во ист ден да им бидат одобрени отсуства на десеттина колеги, за што секогаш имало соодветна замена и работата се одвивала непречено.

Како дополнување на претставката ги достави следните докази:

1. Барање за корекција во образец М/1 М/2 од [redacted] до Агенција за вработување;
2. Одлука со арх. бр 09-485/6 од 15.6.2023 година на Агенција за администрација;
3. Мериторна одлука со арх. бр. 09-517/4 од 18.7.2023 година на Агенција за администрација; и
4. Решение за користење на годишен одмор за 2022 година со арх. бр. 0405-423/11 од 31.7.2023 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Поради прибирање на дополнителни информации, а со цел кредибилно одлучување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на ден 2.11.2023 година беше испратено Барање за доставување информации до Државната комисија со кое беше побарана информација дали работното место Раководител на сектор, на кое [redacted] бил распореден заклучно со 14.3.2023 година, е пополнето, односно дали во моментот на негово враќање на работа било упразнето. Исто така, доколку било упразнето, беше побарано образложение зошто административниот службеник не бил распореден на тоа работно место, туку на работното место Советник, како и врз кој правен основ, а со оглед на тоа што административниот службеник нема прекин на стаж помеѓу 13.1.2021 година и 14.3.2023 година, тој на 15.3.2023 година бил распореден три нивоа подолу во службата.

На ден 16.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од страна на Државната комисија, заведен под бр. 08-465/13. Во одговорот првенствено се наведува дека Државната комисија во целост останува кон произнесувањето, односно одговорот на претставката. Во однос на прашањето дали работното место Раководител на сектор е пополнето, односно дали во моментот на враќање на работа на административниот службеник било упразнето, од Државната комисија повторно наведуваат дека со пресудата тие не се обврзани да го вратат на работното место кое го имал во време на престанокот на работниот однос. Ова од причина што неговото тужбено барање било делумно усвоено, односно тужбеното барање да биде вратен на работа и распореден на работно место кое го имал во време на престанокот на работниот однос му било одбиено. Оттука, сметаат дека е ирелевантно дали во моментов имаат слободни работни места со звање Раководител на сектор, односно сметаат дека административниот службеник ќе биде попродуктивен на работното место на кое е распределен во моментов, а имајќи ги предвид потребите на работниот процес на институцијата, обемот на

работа, расположливите човечки ресурси и условите во кои е организиран целокупниот работен процес во Државната комисија.

Во однос, пак, на прашањето врз кој правен основ административниот службеник е распореден на работното место Советник, а имајќи предвид дека нема прекин во работниот стаж помеѓу 13.1.2021 и 14.3.2023 година, известуваат дека правниот основ за негово распоредување е правосилната судска пресуда, со која Државната комисија е задолжена тужителот да го врати на работа и да го распореди на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка и работно искуство. Во оваа насока, појаснуваат дека административниот службеник нема прекин во работниот стаж во Државната комисија, туку има промена во распоредувањето на работното место, односно до правосилноста на пресудата (14.3.2023 година) е распореден со звањето кое го имал во моментот на престанокот, а по правосилноста, од 15.3.2023 година е распореден со звањето Советник, бидејќи тужбеното барање за распоредување на работно место кое го имал во време на престанокот било одбиено. Дополнително, укажуваат дека работното место Советник за решавање на предмети од областа на пензиско и инвалидско осигурување во целост одговара на неговиот степен на стручна подготовка- правни науки и најмалку три години работно искуство во струката.

Во поткрепа на горенаведеното, повторно се наведува фактот дека Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, постапувајќи по приговорот поднесен од страна на административниот службеник, изјавен против Решението за враќање на работа и распоредување на работно место со број 0402-363/1 од 8.5.2023 година, донела Одлука со број 09-478/6 од 8.6.2023 година со која приговорот се одбива како неоснован, а предметното Решение се потврдува. Исто така, наведуваат дека административниот службеник за неговото распоредување поднел и тужба пред надлежен суд по која се води постапка, а по чие завршување ќе се утврди дали со донесување на предметното Решение е правилно постапено, односно дали истото е во согласност со Пресудата на Основниот граѓански суд Скопје.

Во однос на наводите од претставката дека само на подносителот на претставката не му е одобрена пропусница за излез за време на работното време, укажуваат дека и во минатото се случувало и сè уште се случува некои пропусници за административни службеници да не бидат одобрени заради запазување на континуитет на работниот процес, доколку повеќе лица бараат излез во конкретниот ден и период. Како доказ, во прилог на дописот беше доставена службена евиденција која ја води Државната комисија за евидентирање на службен и приватен излез на вработените во работното време.

Во поглед на физичкото распоредување на административниот службеник од „океан" делот од службените простории во канцеларија која е изолирана од останатите простории, укажуваат дека истото е направено за подобра организација на работа и со цел истиот да не мисли дека имаат непосреден увид во неговиот монитор. Наведуваат дека неговото преместување всушност претставува сместување во службена просторија која има подобри услови за работа од останатите административни службеници кои се наоѓаат во „океан" делот, односно станува збор за просторија која има прозор и подобри услови за работа, особено што во истата просторија претходно биле сместени двајца административни службеници со највисоко звање- државен советник, од кои едниот во моментов е претпоставен контролор на [redacted].

На ден 23.11.2023 година, подносителот [redacted] до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави Известување заведено под бр. 08-465/14 со кое известува дека Даница Чадиева била реизбрана за претседателка на Државната комисија и дека нападите и

вознемирувањето кон него се интензивирале. Поради ова тој на ден 22.11.2023 година доставил Дополнение на Барањето за заштита од вознемирување на работно место, претходно доставено до Државната комисија на 25.8.2023 година, а од причина што по истото сè уште не било преземено ништо.

Од наводите на претставката, одговорот на истата, како и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај е сторено вознемирување на работното место од страна на претседателката на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, [redacted], кое е евидентно од две околности: 1. деградирањето на административниот службеник Сашо Стоилков за три нивоа подолу при неговото враќање на работа и 2. односот кон него што следел во периодот по враќањето на работа.

Имено, на ден 4.12.2020 година од страна на Државната комисија било донесено Решение бр. 0404-756/47 со кое на [redacted] му била изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос. Подносителот го обжалил ваквото Решение пред Агенцијата за администрација, по што била донесена Мериторна одлука бр. 09-737/1 од 12.1.2021 година со која било потврдено Решението на Државната комисија. Понатаму [redacted] повел постапка пред Основниот граѓански суд во Скопје против гореименуваните акти. Постапката завршила со правосилна Пресуда на Основен граѓански суд Скопје РО бр. 236/21 од 8.7.2022 година со која биле поништени како незаконити Решението на Државната комисија бр. 0402-756/47 од 4.12.2020 година, како и мериторната одлука на Агенцијата за администрација бр. 09-737/1 од 12.1.2021 година. Дополнително, со пресудата Државната комисија била задолжена да го врати [redacted] на работа и да го распореди на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка и работно искуство во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата, но неговото тужбено барање да биде вратен на работа и распореден на работното место кое го имал во време на престанокот на работниот однос било одбиено како неосновано.

Оттука, со цел исполнување на задолжението од судската пресуда, Државната комисија ги донела следните решенија:

1. Решение за враќање на работа и распоредување на работно место на административниот службеник [redacted] со бр. 0402-363/1 од 8.5.2023 година и
2. Решение за плата на административен службеник со бр. 0402-363/2 од 8.5.2023 година.

Со Решението за враќање на работа и распоредување на работно место, [redacted] бил распореден на работното место Советник за решавање на предмети од областа на пензиско и инвалидско осигурување, кое според Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници е на ниво В1, што е за три нивоа подолу од работното место Раководител на сектор, на кое работел пред незаконскиот отказ, а кое е на ниво Б2. Ваквото распоредување административниот службеник го обжалил пред Агенцијата за администрација, која со Одлука бр. 09-478/6 од 8.6.2023 година неговиот приговор го одбила како неоснован и го потврдила решението на Државната комисија. Во Одлуката е наведено дека Државната комисија при донесување на оспореното решение правилно ја утврдила фактичката состојба и врз така утврдената фактичка состојба правилно го применила материјалното право, од причина што истиот нема обврска да го распореди на работно место на кое бил распореден пред да му биде изречена дисциплинската мерка.

Сепак, видно од пресудата, судот при одлучување не навлегол во материјална расправа по тужбеното барање на тужителот да биде вратен на работа на работното место кое го имал пред престанокот на работниот однос, од причина што како меритум на спорот го сметал одлучувањето по самото отказно решение. Меѓутоа, земајќи предвид дека судот го поништил отказното решение, што значи дека се поништени и последиците кои настанале со него, очекувано е административниот службеник да биде вратен на работното место Раководител на сектор, од причина што тој правно нема прекин во неговиот стаж во Државната комисија. Дотолку повеќе, контрадикторно е што за административниот службеник било донесено едно решение со кое тој се распоредува на работно место Раководител на сектор за периодот до правосилноста на пресудата, односно до 14.3.2023 година, а веднаш потоа било донесено друго решение со кое тој се распоредува на работно место Советник сметано од 15.3.2023 година.

Дополнително на ова, а имајќи го предвид член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација согласно кој доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката, Државната комисија не ја докажа оправданоста на неговото распоредување подолу во службата. Поточно, во одговорот на Барањето за информации бр. 08-465/10 доставен од Државната комисија, се вели дека оттаму сметаат дека „административниот службеник ќе биде попродуктивен на работното место на кое е распределен во моментов, а имајќи ги предвид потребите на работниот процес на институцијата, обемот на работа, расположливите човечки ресурси и условите во кои е организиран целокупниот работен процес во Државната комисија“, но без притоа да бидат објаснети причините за истото, кои пак би ја оправдале наводната легитимна цел за распоредувањето. Ова особено земајќи го предвид дотогашното искуство на административниот службеник од 25 години непрекинат работен стаж во струката, од кои 16 години на работно место Раководител на сектор. Оттука, нејасно е тврдењето дека со распоредувањето на работното место Советник, за кое се потребни најмалку 3 години работно искуство во струката, административниот службеник бил распореден на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка и работно искуство. Дотолку повеќе што во моментот на враќање на работа неговото претходно работно место- Раководител на сектор, било упразнето.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во овој контекст го ценеше и Укажувањето на Народниот Правобранител бр. 1130/23 од 15.6.2023 година по повод истиот случај во Државната комисија, во кое се наведува дека ваквиот начин на постапување од страна на Државната комисија претставува изигрување на предметната Пресуда 3РО-236/21 од 8.7.2022 година на Основниот граѓански суд Скопје, додека пак повикувањето на делот од диспозитивот од истата, со која се одбива тужбеното барање Државната комисија да го врати на работното место кое го имал во време на престанокот на работниот однос, претставува изговор дополнително да се повредуваат правата по основ на работен однос на подносителот на претставката.

Понатаму, по неговото враќање на работа, административниот службеник поднел Барање за користење на годишен одмор. Државната комисија одлучувајќи по барањето донела Решение за неодобрување на годишен одмор бр. 0402-3/162 од 15.5.2023 година, кое пак со Одлука на Агенцијата за администрација бр. 09-485/6 од 15.6.2023 година било поништено и предметот бил вратен на повторно разгледување и одлучување. И покрај ова, а особено земајќи го предвид фактот констатиран од страна на Агенцијата за администрација дека работникот не го изгубил правото на годишен одмор со кое се имал стекнато пред да настапи престанокот на работниот однос, Државната комисија во повторената постапка донела Решение бр. 0405/423/6 од 29.6.2023 година кое по содржина било исто како и претходното, односно повторно му било одбиено барањето за користење на годишен одмор. По повторна жалба од страна на административниот службеник, Агенцијата за администрација донела мериторна Одлука бр. 09-517/4 од 18.7.2023

година со која го признала неговото право на користење на годишен одмор и ја задолжила Државната комисија да донесе соодветен правен акт со кој на административниот службеник [redacted] ќе му се утврди правото на годишен одмор за 2022 година.

Ваквото однесување од страна на Државната комисија каде постапувајќи по втор пат, и покрај насоките од второстепен орган, било донесено содржински исто решение со кое на подносителот му се одбива Барањето за користење на годишен одмор, а со образложение дека одморот не му следува поради тоа што тој не бил на работа изминатата година, укажува на намерно постапување кон подносителот на претставката со цел повреда на неговото достоинство.

Како последно дејствие следувало преместување на административниот службеник од „океан" делот, каде бил сместен заедно со останатите колеги кои работат по предмети, во друга просторија во која е сместен информатичар, со кого немаат никаква сродност во работните задачи. Иако во одговорот од страна на Државната комисија е наведено дека преместувањето е направено за подобра организација на работата и не претставува дискриминација, туку напротив, сместување во службена просторија која има подобри услови за работа од останатите административни службеници кои се наоѓаат во „океан" просторот, истото не беше образложено, односно не беше образложено како неговото одвојување од останатите колеги би влијаело посредно или непосредно на работната организација, но и кои се подобрите услови кои ги има другата просторија. Покрај ова, Комисијата не утврди ниту постоење на легитимна цел за фактот што по неговото преместување доделувани му се единствено предмети од една странка, особено земајќи го предвид неговото претходно искуство како Раководител на сектор и овластувањето на контролор кое го имал, но и фактот што претходно немало пракса за распределување на работата во Државната комисија на таков начин.

Од горенаведените факти Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај е исполнета законската дефиниција на вознемирување содржана во **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Поточно, Комисијата утврди дека преку деградирањето на административниот службеник [redacted] за три нивоа подолу при неговото враќање на работа, како и целокупниот однос кон него што следел во периодот по враќањето на работа, било сторено вознемирување во смисла на член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно било повредено неговото достоинство и била создадена заканувачка, непријателска, понижувачка и застрашувачка средина. Од горенаведеното, Комисијата утврди дека Државната комисија сторила вознемирување кон [redacted] врз основа на лично својство кое во конкретниот случај е олицетворено низ неговото својство на административен службеник кој претходно се спротивставил на наредба од претпоставен, во овој случај претседателката на Државната комисија.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен да го распореди административниот службеник [redacted] на работното место кое го имал во време на престанокот на работниот однос- Раководител на сектор за здравство, труд и социјална политика, образование, наука и култура, како и да го премести назад во канцеларијата каде претходно ја извршувал работата како Раководител на сектор. Распоредувањето и преместувањето да го стори во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
7.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател на Комисијата
Димко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, кеј Димитар Влахов бр. 4, 1000 Скопје